УНИ Банка
Универзална Инвестициона Банка

Наш број:_____________
Скопје, _______________ година

***РАМКОВЕН ДОГОВОР***
***ЗА ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ И ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ***

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје ( во понатамошниот текст: Банката), со седиште на ул. „Максим Горки“ бр.6, Скопје, со ЕМБС: 4646088 и ЕДБ: 4030993252736, број на сметка: 240000000000126,свифт адреса: UIBMMK22, веб-страница: www.unibank.mk, е-пошта: unibank@unibank.com.mk, телефон за контакт: 02 3111-111. Надлежен орган за надзор на Банката е **Народната Банка на Република Северна Македонија.**
Јавен регистар во кој е запишана Банката: Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2. Име и презиме:--------------------------------, адреса на живеење: -----------------------------, ЕМБГ: ----------------------------------------, контакт адреса _________________контакт е-маил: --------------------------------, контакт телефон: ------------------------- (во понатамошниот текст:Потрошувач).

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Банката и Потрошувачот кој има законско престојувалиште во Република Северна Македонија и Потрошувач на кој му е одбиено барање за престој и чие напуштање на РСМ не е можно поради поради правни или други практични причини, а нема отворено платежна сметка во Банката или во друга банка врз основа на негово барање му овозможува отворање и користење на платежна сметка со основни функции во денари согласно законските прописи во РСМ.
Банката е должна врз основа на барање на Потрошувачот да му отвори платежна сметка со основни функции веднаш, не подоцна од 10 (десет) работни дена од приемот на барањето со склучување на Рамковен договор. Кон барањето Потрошувачот потпишува изјава под полна морална и материјална одговорност дека нема отворено платежна сметка во денари во Банката или кај друг давател на платежни услуги во РСМ. Банката ја отвора сметката со број ___________ односно IBAN_______ и управува со истата од името и за сметка на Потрошувачот по подолу наведените услови.
За малолетни лица и лица со одземена/без деловна способност, платежна сметка со основни функции може да отвори законски старател, односно старател определен од надлежен орган/суд. Кон барањето барателот доставува и примерок од потписите на лицата кои дејствуваат во негово име и за негова сметка (анг.Specimen). Потписите на овие лица е потребно да се депонираат кај Банката или да бидат заверени на Нотар.
Врз основа на доставено барање, Општите услови за платежна сметка и платежни услуги и овој договор, Банката на Потрошувачот му отвора платежна сметка со основни функции. Платежната сметка со основни функции се користи за извршување на платежни трансакции, се отвора и гласи во денари.
Потрошувачот на платежни услуги потврдува дека пред потпишувањето на овој Договорот на јасен и недвосмислен начин бил запознаен со содржината на истиот и воедно е запознат и согласен со условите и одредбите од Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, Општите услови за користење на услуги во електронските сервиси, Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во понатамошниот текст:Тарифа на надоместоци),Информативен документ за надоместоците и Поимникот.

**Член 2**

Банката има обврска да организира водење на сметката и да обезбеди платежни услуги согласно позитивните законски прописи. Платежната сметка со основни функции на Потрошувачот му овозможува иницирање и извршување на платежни трансакции во работните простории на Банката и/или онлајн доколку е предмет на понуда од страна на Банката. Платежната сметка со основни функции на Потрошувачот му овозможува извршување на неограничен број на операции.
Банката не смее да договори дозволено пречекорување на сметката за платежни услуги со основни функции.
Банката не пресметува и не наплатува надоместок доколку Потрошувачот и припаѓа на групата на корисници на следниве законски права:

- законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката;
- надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
- парична помош од социјална заштита;
- привремена невработеност;
- додаток на деца и
- стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.

Потрошувачот има обврска ја извести Банката, во писмена форма, за настанатите статусни и други промени (промена на податоците и рок на важност во документ за идентификација), како и измени на лицата кои се овластени да располагаат со сметката, во законски предвидените рокови, а најмалку веднаш после истекот на рокот на важноста на документот за идентификација.
Потрошувачот од член 2 на овој Договор се обврзува редовно да ја известува Банката за својот статус, а во случај на губење на истиот должни се веднаш писмено да ја извести Банката.
Потрошувачот може да бара трансформирање на платежна сметка во платежна сметка со основни фукнции или на платежната сметка со основни функции во платежна сметка во Банката. При трансформирањето Банката ги спроведува неопходните промени во договорниот однос, пришто ја задржува постоечката единствена идентификациска ознака на платежната сметка. За трансформирање на платежната сметка Банката не наплатува надоместок.
По ваквото доставено барање Банката одлучува во рок од 10 (десет) работни дена.

## ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

**Член 3**

На барање на Потрошувачот, Банката може да одобри користење на следните платежни услуги:
1) внесување готовина на платежна сметка, отворање, одржување и затворање на таа сметка;
2) повлекување готовина од платежна сметка, како и сите активности поврзани со отворање, одржување и затворање на таа сметка;
3) извршување на платежни трансакции, вклучувајќи пренос на парични средства на платежна сметка кај Банката на Корисникот или кај друг давател на платежни услуги:
   а) извршување на директни задолжувања, вклучувајќи еднократни директни задолжувања;
   б) извршување на платежни трансакции со платежни картички или интернет банкарство и мобилна апликација,
   в) извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози.
4) издавање платни инструменти и/или прифаќање платежни трансакции;
5) парични дознаки;
6) услуги за иницирање на плаќања и
7) услуги за давање информации за платежните сметки.
Платежните услуги кои се однесуваат на платежни картички, интернет банкарство и мобилна апликација и траен налог, Потрошувачот потпишува посебен Договор со кој се регулира работењето со конкретните производи/услуги, како и правата и обврските при користењето на истите.

**Член 4**

Со потпишување на овој Договор, Потрошувачот потврдува дека е запознаен и согласен со содржината од Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, Терминскиот план за извршување трансакции ,Тарифата на надоместоци и Информативниот документ за надоместоците.
Горенаведените документи се јавно објавени и достапни на веб-страницата на Банката на следниот линк https://www.unibank.mk/mk-MK/smetki.nspx#!#platezna-smetka , а врз основа на барање од Потрошувачот, Банката може да му ги даде и во хартиена форма или на друг траен медиум.
Составен дел на овој Договор се следните документи:
- Барањето за отворање и користење на платежна сметка со основни функции, продукти и услуги,
- Општи услови за платежна сметка и платежни услуги,
- Тарифа на надоместоци
- Информативен документ за надоместоците и
- Поимник.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 5**

Банката се обврзува дека при извршувањето на платежните услуги предвидени со овој Договор:
- ќе ги почитува одредбите од овој Договор, Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, Тарифата на надоместоци на Банката, Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за девизно работење, како и други прописи кои ги регулираат платежните услуги или се поврзани со нив;
- на Потрошувачот ќе му овозможи:
- сигурен и ефикасен начин на работа со платежната сметка при извршувањето на платежни услуги, согласно одредбите на овој Договор;
- тајност на податоците, согласно законските прописи;
- заштита на податоците за Потрошувачот, согласно законските прописи, интерните акти и правилата на Банката за заштита на личните податоци.

Банката го задржува правото да одбие воспоставување деловна соработка или извршување конкретна платежна трансакција, како и без согласност на Потрошувачот да ја блокира можноста за користење на сите или одредени производи и услуги предвидени со овој Договор, во случај кога Потрошувачот до Банката нема да ги достави сите неопходни информации, податоци и документација побарани во согласност со регулативата за спречување перење пари и финансирање на тероризам и друга релевантна законска регулатива.

**Член 6**

Потрошувачот се обврзува при вршење на платежните трансакции, издавање платни налози, употреба на платежни инструменти, т.е при користење на платежните услуги на Банката, дека:

- ќе постапува согласно одредбите од овој Договор, Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, како и во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за девизно работење и други прописи кои ги регулираат платежните услуги и

-при извршување на платните налози, на барање на Банката ќе ѝ ги достави сите неопходни податоци и документација во согласност со релевантна законска регулатива, како и законската регулатива за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Потрошувачот е одговорен за точноста и потполноста на податоците во платните налози или инструкциите испратени до Банката. Банката нема да земе предвид и нема да постапува по платни налози со стар датум на извршување, како и непотполни или неправилно пополнети платни налози.

Потрошувачот ја сноси целокупната одговорност и штета настаната во случај на непридржување кон одредбите од овој Договор, како и во случај на нејасни, нецелосни или непрецизни податоци наведени во платните налози.

Потрошувачот со потпишување на овој Договор е изрично согласен и ја овластува Банката без негова дополнителна согласност, од средствата на сите платежни сметки кои Потрошувачот ги има во Банката, да воспоставува налози и да врши наплата на сите надоместоци, трошоци и побарувања кои може да произлезат од работењето на Потрошувачот со Банката по основ на кој било производ или услуга кои Потрошувачот ги користи во Банката.

**ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ**

**Член 7**

Давателот на платежни услуги согласно доставено барање од страна на Потрошувачот му издава дебитна платежна картичка поврзана со платежната сметка.

Потрошувачот се обврзува да ја користи платежната картичка согласно условите наведени во посебниот Договор за дебитна платежна картичка (MasterCard® /Visa®).

Давателот на платежни услуги согласно доставено барање од страна на Потрошувачот му издава кредитна платежна картичка поврзана со платежната сметка на Потрошувачот. Потрошувачот се обврзува да ја користи платежната картичка согласно условите наведени во посебниот Договор за револвинг денарски кредит кој се користи со кредитна картичка (MasterCard® /Visa®).

**ТРАЕН НАЛОГ**

**Член 8**

Потрошувачот може да и даде инструкции на Банката да извршува трансфери во редовни временски интервали или на однапред утврдени датуми од платежната сметка на Потрошувачот.

За извршување на трајниот налог, Банката и Потрошувачот на платежна сметка потпишуваат Договор за налог односно Договор за траен налог.

**КАМАТА, НАДОМЕСТОЦИ И ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ**

**Член 9**

Банката пресметува и евидентира активни и пасивни каматни стапки на платежната сметка во висина и согласно Преглед на каматни стапки согласно Одлука на Управниот одбор на Банката. Каматните стапки се променливи согласно Преглед на каматни стапки прилог кон овој Договор објавен на веб страната на Банката.

Надоместоците за отворање, затворање и одржување на платежната сметка, надоместоците кои произлегуваат од работењето со платежната сметка, вршењето на трансакции или од користењето на производи и услуги од страна на Потрошувачот, Банката ќе ги пресметува и наплатува од Потрошувачот согласно Тарифата на надоместоци на Банката, а Потрошувачот се обврзува да ѝ ги плати на Банката сите надоместоци за извршените активности од овој Договор.

Видот и висината на надоместоците се променливи согласно Тарифата на надоместоци на Банката и за секоја промена Банката ќе го извести Потрошувачот преку контакт податоците наведени во овој договор (електронско поштенско сандаче, СМС порака, viber, е-пошта, контакт адреса) со информација каде истите ќе бидат ставени на располагање. Банката е должна да го извести Потрошувачот за промена на Тарифата на надоместоци најдоцна 2 (два) месеци пред датумот на примена на измената.

Банката, по истек на тековната година, на Потрошувачот му дава Извештај за сите наплатени надоместоци за услугите поврзани со платежната сметка преку контакт податоците наведени во овој договор (електронско поштенско сандаче, СМС порака, viber, е-пошта, контакт адреса) со информација каде истите ќе бидат ставени на располагање. По истек на рок од 10 (десет) дена од доставеното известување, ќе се смета дека Потрошувачот го подигнал извештајот.

**КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ СТРАНИТЕ**

**Член 10**

Договорните страни се согласни комуникацијата помеѓу нив да се одвива врз основа на податоците дадени во овој договор и согласно Општите услови.

Потрошувачот има обврска да ја извести Банката во рок од 7 (седум) дена од настанување на било која промена на неговите податоци, на овластените лица за работа со платежната сметка и на сите други податоци и документација кои Потрошувачот ги доставил при склучувањето на Рамковниот договор.

Потрошувачот презема целосна одговорност од било какви последици кои може да настанат како резултат на ненавремено пријавување на сите релевантни промени.

Доколку Потрошувачот не ја извести Банката за промена на адреса, Банката за уредна и валидна адреса за достава на известувања по пошта кои се поврзани со работењето со платежната сметка и/или во постапка за присилна наплата на побарувања, ќе ја смета последната пријавена контакт адреса.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Член 11**

Банката за сите промени на состојбата на платежната сметка изготвува Извод на состојба и промет од платежната сметка. Потрошувачот има обврска да подига Извод на состојба и промет на платежната сметка најмалку еднаш месечно, во спротивно ќе се смета дека Потрошувачот е уредно известен за состојбата и прометот на платежната сметка на последниот ден од месецот. Потрошувачот може да го подигне Изводот на состојба и промет на платежната сметка на шалтерите на Банката, како и со користење на услугата Интернет банкарство и Мобилна апликација.

Сите приговори/рекламации во врска со работењето со платежната сметка и извршувањето на платежните трансакции, Потрошувачот е должен да ги пријави кај Банката во рок од 20 (дваесет) дена по завршување на месецот во кој е евидентирана спорната трансакција на платежната сметка.

**Член 12**

Потрошувачот е согласен за промените на одредбите од овој Договор и документите цитирани во член 2 од овој Договор, а кои промени се однесуваат на работењето со платежната сметка, услугите и производите опфатени со овој Договор, Банката го известува Потрошувачот преку контакт податоците наведени во овој договор (електронско поштенско сандаче, СМС порака, viber и е-пошта) со информација каде истите ќе бидат ставени на располагање. По истек на рок од 10 (десет) дена од доставеното известување, ќе се смета дека Потрошувачот измените ги прифатил и за истите е уредно известен. Потрошувачот се информира и преку web-страницата на банката, каде банката редовно ги објавува промените два месеци пред настанување на промената.

Банката е должна да го извести Потрошувачот за измените од став (1) на овој член најдоцна 2 (два) месеци пред датумот на примена на измената.

Доколку Потрошувачот пред датумот на примена на промените не ја извести Банката дека не се согласува со направените промени односно, не поднесе барање за раскинување на Договорот, се смета дека е согласен со промените и дека ги прифаќа во целост. Доколку Потрошувачот ја извести Банката во предвидениот рок дека не ги прифаќа промените, Банката има право еднострано да го раскине Договорот со Потрошувачот.

Потрошувачот е запознаен и изрично согласен доколку Банката ја менува висината на каматните стапки и/или девизниот курс поради промени на референтната каматна стапка и/или референтниот девизен курс, Банката промените да ги применува веднаш, без претходно писмено известување и без да се бара дополнителна согласност од Потрошувачот.

**Член 13**

Потрошувачот на платежната сметка е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од настанувањето, да ја извести Банката за следните промени:

- престанок на работниот однос по кој било основ;
- промена на работно место во друга фирма;
- промената на адресните и личните податоци, вклучувајќи ги и промените на податоците за овластените лица;
- промена на документот за идентификација и
- промена на користење на законското право дефинирано во член 2 од овој Договор.

Доколку Потрошувачот не ја извести Банката за променетата адреса, при следна достава на известување по пошта, за уредна и валидна ќе се смета последната пријавена адреса. Овој начин на известување ќе се земе предвид при редовно работење со платежната сметка и во постапката за присилна наплата на побарувањата на Банката согласно законските прописи.

Корисници кои во Банката се идентификуваат со документ за регулиран престој на странец во земјата, имаат обврска по истекот на рокот на важноста на документот со кој им е регулиран престојот да доставаат во Банката нов документ за идентификација, во спротивно Банката нема да им дозволи да вршат одлив од платежните сметки, сѐ до ажурирање на документот за идентификација во Банката.

**Член 14**

Банката, согласно овој Договор и Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, ќе му овозможи на Потрошувачот една или повеќе услуги и производи поврзани со платежната сметка да ги користи како дел од пакет-услуги врз основа на поднесено Барање од Потрошувачот. Во барањето ќе бидат утврдени конкретните услуги и производи кои влегуваат во секој поединечен пакет со точно дефинирани надоместоци кои Потрошувачот е должен да ги плати на Банката врз основа на избраниот пакет-услуги.

## ЗАШТИТНИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

**Член 15**

Потрошувачот на платежни услуги кој е овластен да го користи платниот инструмент е должен да ги преземе сите разумни мерки за заштита на корисничките сигурносни обележја на платниот инструмент, да го користи платниот инструмент во согласност со договорните услови како и да ја извести Банката веднаш по добивање сознание за губење, кражба, злоупотреба или неавторизирано користење на платниот инструмент.
Потрошувачот на платежни услуги се обврзува да ги почитува и применува корективните мерки предвидени во Општите услови. Одговорноста за неавторизирани платежни трансакции се утврдува врз основа на Општите услови и позитивните законски прописи.

## ВАЖЕЊЕ, ИЗМЕНИ И РАСКИНУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

**Член 16**

Рамковниот договор се склучува на неопределено време и стапува на сила со денот на потпишување од страна на Банката и Потрошувачот.

Начинот и условите на измена на Рамковниот договор се уредени во Општите услови.

Потрошувачот и Банката се согласни постапката на раскинување на Рамковниот договор да се врши под услови, на начин и во рокови согласно Општите услови.

Доколку настанат промени во законските прописи што го регулираат работењето со платежната сметка и вршење на платежните услуги, Банката ќе ги примени новите законски прописи и одредби кои што ќе влезат во сила во времето на важење на Рамковниот договор. Доколку таквите промени се несоодветни на деловните интереси на Потрошувачот има право да го раскине Рамковниот договор во законски предвидениот рок. Банката ја затвора платежната сметка на Корисникот без надомест согласно Тарифата на Банката.

Банката има право еднострано да го раскине Договорот доколку:

- постои сомневање дека Потрошувачот со намера ја користел платежната сметка со основни функции за незаконски цели;
- со платежната сметка со основни функции не е извршена платежна трансакција во непрекинат период од 24 месеци;
- Потрошувачот доставил неточни информации заради отворање на платежна сметка со основни функции, а врз основа на точните информации би немал право да отвори и користи платежна сметка со основни функции;
- Потрошувачот повеќе нема законското престојувалиште или го загубил основот за законското престојувалиште според кој го имал правото на отворање и користење на платежна сметка со основни функции и
- се утврди дека Потрошувачот по отворањето на платежната сметка со основни функции отворил кај друг давател на платежни услуги платежна сметка во денари.

Едностраното раскинување на Договорот согласно со став 5 алинеја 1 и 3 од овој член, стапува во сила веднаш.

Доколку Банката го раскине Договорот согласно со став 5 алинеја 2, 4 и 5 должна е за едностраното раскинување да го извести Потрошувачот без надоместок, писмено или по електронски пат најмалку 2 (два) месеца пред раскинувањето на Договорот да стапи во сила, при што ќе ги наведе причините за раскинувањето, освен доколку наведувањето на причините е спротивно на целите на националната безбедност или јавниот интерес, со правна поука за правата на Потрошувачот.

Доколку при еднострано раскинување на Договорот има позитивно салдо на парични средства, износот на позитивното салдо се пренесува на евиденциска сметка со посебна намена кај давателот на платежните услуги при што не престанува правото на сопственост на Потрошувачот над паричните средства, вклучувајќи ги подоблиците на правото на сопственост и другите права што произлегуваат од сопственоста.

Потрошувачот може да го раскине Рамковниот договор и да ја затвори платежната сметка во секое време, со отказен рок, кој не може да биде подолг од 30 (триесет) дена.

Банката може еднострано писмено да го раскине Рамковниот договор во случаи утврдени од страна на Банката при примена на мерки на анализа на Потрошувачот, негова прифатливост и неговото работење согласно важечките законски и подзаконски прописи и интерните акти на Банката, со доставување на известување најмалку 2 (два) месеци пред раскинувањето.

**ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧОТ**

**Член 17**

Правната заштита на Потрошувачот е опишана во точка 9 од Општите услови за платежна сметка и платежни услуги, кои се прилог и составен дел на овој Договор.

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**Член 18**

Потрошувачот е информиран дека за целите на овој Договор Банката ќе врши обработка на неговите лични податоци, ќе ги користи за целите на овој Договор, ќе врши проверка и верификација на истите, ќе ги користи при анализа на работењето на Потрошувачот преку Банката, за наплата на долг, како и во други случаи предвидени со закон.
Личните податоци во Банката се обработуваат и се споделуваат во согласност со закон, се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели. Потрошувачот е информиран и согласен Банката, за цели на наплата на долг врз основа на договор, дел од неговите лични податоци да ги пренесе на обработувач на збирки на лични податоци.
Банката нема да ги користи личните податоци за друга цел различна од наведените во овој Договор.
Банката обезбедува ниво на безбедност соодветно на ризикот согласно законската, подзаконската регулатива и интерните акти, вклучувајќи и заштита од неовластена или незаконска обработка, како и заштита од нивно случајно губење, уништување или оштетување.
Банката врши транспарентна обработка на личните податоци. Потрошувачот се запознава со сите информации за обработката на личните податоци преку информацијата за обработка на лични податоци содржана во Општите услови за платежна сметка и платежни услуги и преку документите за заштита на лични податоци обајвени на следниот линк: https://www.unibank.mk/licni-podatoci.nspx.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 19**

Овој Договор се склучува на неопределено време. Секоја промена, како и постапката за раскинување на овој Договор, договорните страни се согласни да се врши согласно одредбите од овој Договор и Општите услови за платежна сметка и платежни услуги.
За сѐ што не е предвидено со овој Договор важат законските прописи и актите на Банката.
Во случај на спор по овој Договор надлежен е судот во Скопје.

**Член 20**

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примерока, од кои по 1 (еден) задржува секоја договорна страна.

| Банка<br>УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА<br>БАНКА АД Скопје | Потрошувач |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |